РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-273/2
22-06-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 33-та седница одржана на ден 11.06.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-273/1 од 14.01.2026 година, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, не постојат елементи за надлежно постапување по предметниот случај.

Предметот со број 12-273/1 од 14.01.2026 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма се објавува на веб-страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на познат подносител е поднесена пријава со број 12-273/1 од 14.01.2026 година, со која се укажува на наводни неправилности во финансиското работење на Националната установа -------, поврзани со изнајмување на простор, наплата на услуги и исплата на надоместоци преку авторска агенција, како и наводи за можни злоупотреби и стекнување лична корист од страна на вработени лица.

По увид во наводите и доставената документација, Комисијата утврди дека Националната установа -------- има донесено Правилник бр. ----- од 26.02.2024 година за измена на Правилникот за начинот и постапката за изнајмување на простор во рамките на објектот на Установата, цените и надоместоците за нивното изнајмување, како и давање на послуга, со кој се уредени условите и цените за услугите што ги наплатува Установата.

Дополнително, утврдено е дека помеѓу Националната установа ------- и Ансамблот на народни инструменти и песни „--------“ Скопје е склучен Договор бр. ------ од 18.10.2024

година, во кој договорните страни се повикуваат на одредбите и условите утврдени во наведениот Правилник.

Согласно член 12 од Договорот, во случај на спор, договорните страни се обврзуваат истиот најнапред да го решаваат по спогодбен пат, а доколку тоа не е можно, за решавање на спорот е надлежен Основниот граѓански суд во Скопје.

Имајќи го предвид наведеното, Државната комисијата оцени дека наводите изнесени во пријавата се однесуваат на договорни односи и евентуални имотно-правни побарувања помеѓу договорните страни, за кои е утврдена јасна договорна и судска надлежност, и истите не содржат елементи на корупција или судир на интереси во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Државната комисијата укажа дека утврдувањето на фактичката основаност на побарувањата, како и оценката за законитоста на извршените плаќања, претставува прашање од надлежност на редовните судови и надлежните органи, а не на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Оттука, Комисијата утврди дека не постојат законски основи за натамошно постапување, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН.-член/anëtar

Доставено до:
-подносителот на пријавата